EVN

# КОНКУРС ЗА СТИПЕНДИИ - ЛОСТ

ЕВН Македонија АД Скопје, распишува конкурс за доделување стипендии за студенти од Енергетските насоки на Факултетот за Електротехника и информациски технологии-Скопје, Техничкиот Факултет - Битола и Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип кои во рамките на семејството имаат месечни приходи помали од просечна плата во Република С. Македонија.

Оваа година ќе бидат доделени 5 (пет) стипендии на студенти запишани по првпат, во прва година во учебната 2019/2020 година на Енергетските насоки на Факултетот за Електротехника и информациски технологии-Скопје, Техничкиот Факултет - Битола и Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип.

Стипендијата е во висина од 6.000,00 денари месечно и се доделува за 10 (десет) месеци, со можност за продолжување или за прекин, во зависност од исполнувањето на обврските пропишани во Договорот за стипендирање.

**Обврски на корисникот на стипендијата:**

- Да има положено најмалку 70% од испитите од претходните години за одобрување или продолжување на стипендијата
- Да обавува пракса во траење од најмалку 30 дена во текот на годината во ЕВН Македонија АД Скопје, односно во Друштвата во кои ЕВН Македонија е единствен содружник и основач

**Потребни документи за аплицирање:**

- Биографија
- Потврда за редовен студент
- Потврда дека месечните приходи во рамките на семејството се помали од просечната плата во Република С. Македонија
- Изјава дека не е корисник на стипендија или кредит од друга институција или компанија
- Есеј на тема „Мојата иднина како електро инженер“

Сите потребни документи испратете ги на jobs@evn.mk **најдоцна до 06.03.2020**